2021

МАЈ

Месечен извештај за следењето на состојбата на информациите од областа на животна средина објавени од страна на Владини институции, единици на локална самоуправа и јавни претпријатија



Архус Центар
Кукушка 4а, 1000 Скопје
www.arhus.mk
aarhus@mkm.mk

Содржина

Вовед.....2
Мониторинг на веб страни на институции.....3

Вовед

На почетокот на 2020 година Мисијата на ОБСЕ во Скопје потпиша меморандум за соработка со Архус Центарот во Скопје како составен дел на Здружението за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија Скопје и стана дел од мрежата „Пријатели на Архус“, составена од институции, здруженија на граѓани, меѓународни организации и амбасади.

Во текот на 2020 година, Мисијата изработи Извештај за проценка на потребите за работата на Архус Центарот, чии препораки послужија како основа за развој на концепт кој ќе му помогне на Архус Центарот во зајакнување на капацитетите и создавање на функционален систем за следење на работењето јавните институции, општините, телата и органите за донесување одлуки за транспарентноста на процедурите, усогласувањето на законите и квалитетот на процесите на учество на јавноста во врска со спроведувањето на Архуската Конвенција.

Во периодод од мај до декември 2021г се одвиваат слединиите активности во рамките на соработката со мисијата на ОБСЕ.

Следење на информации поврзани со животната средина, објавени од релевантните владини институции и локалните органи на власта, поставени на нивните веб-страници или во други печатени и електронски медиуми, нивно класифицирње и сумирање во редовни месечни извештаи кои ќе се достапни на нашата веб страна и ќе се дистрибуирани до засегната страни преку маилинг листи и социјални мрежи.
Анализа на содржината на информациите и почитување на законските обврски (секоја специфична информација што може да се поврзе со Законот за животна средина и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер) и вклучување на наодите во редовните месечни извештаи.
Анализа на веб страните на општините, како и методот на комуникација и споделување на информации поврзани со животната средина од нивна страна (достапност и пристап до информациите) и вклучување на наодите во редовните месечни извештаи;
Тестирање, испитување, преку испраќање на барање за информации до избрани институции и следење на квалитетот на повратната информација во однос на времето потребно за да се одговори и структурата на информацијата.
Редовни комуникации со ГО кои се дел од мрежата на Архус во Република Северна Македонија и пријателите на Архус и споделување информации за институционалните процеси и процедури;
Учество на јавни расправи и следење на процесите на организирање јавни расправи, како од страна на централните, така и од страна на локалните власти, како и методите на консултации со јавноста за теми поврзани со животната средина;
Консултативни состаноци со сите засегнати страни на Архуската Конвенција во Република Северна Македонија (Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за правда, Собрание на РСМ, општини, медиуми, итн.), во улога на коректор на нивните модели на управување;
Учество во подготовка на годишен извештај на Министерството за животна средина и

просторно планирање за спроведување на Архуската Конвенција во Република Северна Македонија во улога на соработник за презентираните информации, со што ќе се добие објективна слика за состојбата во земјата пред Секретаријатот на Архуската Конвенција.

Мониторинг на веб страни на институции

Врз основа на методологијата за мониторинг на информации поврзани со животната средина, анализа на содржината на информацијата и почитување на законските обврски, како и анализа на веб-страните на општините и споделување на информации поврзани со животната средина од нивна страна (достапност на информациите), извршен е мониторинг на околу 170 веб страни на институции (Владини институции, локални самоуправи, јавни претпријатија). Мониторингот се однесува на тоа какви информации се објавуваат од областа на животната средина (соопштенија, вести од информативен карактер, дали има објава на документи кои предвидуваат учество на јавноста, дали се запазени дефинираните процедури согласно законската регулатива и слично). Овие веб страни се мониторираат два (2) пати во неделата. Во продолжение е презентирана состојбата за месец мај

Во однос на објавени информативни соопштенија, вести со кои јавноста се информира за секојдневни активности поврзани со животната средина и квалитетот на живеење увидено е дека поголемиот дел од сите 170 мониторирани субјекти објавуваат информации.

Исклучок од тоа се:

О. Пласница нема објавено ниту една информација која е поврзана со животната средина, нити пак било каква информација. Исто така нема објавено на својата веб страна дали има и кое е лице задолжено за комуникации со јавноста согласно Законот за слободен пристап до информации. Општините Сопиште, Старо Нагоричане, Студеничани, Шуто Оризари, Виница, Вевчани, Василево, Валандово, Бутел, Боговиње во месец мај немаат објавено информации/вести/соопштенија поврзани со животната средина. Општина Теарце нема објавено податоци за животната средина во последниот период. О. Врапчиште нема објавено нити една информација во изминатата година. О. Арачиново последни вести кои се објавени на веб страната се од месец јуни 2020 година.

Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за политички систем и односи меѓу зедниците, Министерство за образование и наука и Министерство за надворешни работи, Народен правобранител, Државно правобранителство на РСМ исто така во месец мај немаат објавено нити една информација која е поврзана со животната средина. Државен инспекторат за животна средина и Агенција за планирање на просторот немаат објавено информации во последните неколку месеци.

- Поголемиот број општини во изминатиот период (месец мај) објавувале решенија за свикување на седници на совет, каде што има и одлуки за изработка или донесување на плански документ кои се однесуваат на животната средина како и извештаи за нивно реализирање (пр. програма за ЛЕР, програма за животна средина, програма за урбано зеленило и јавна чистота, програма за отпад и др)
- Поголемиот број општини имаат службени гласници кои ги издаваат по потреба, но во просек излегуваат еднаш месечно. Во службените гласници се образложени сите одлуки, решенија, заклучоци кои произлегле од одржана сединца на Совет. Содржините кои се поврзани со теми од животната средина се наведуваат во табела.

- Поголемиот број општини објавуваат информации за спроведување на акции за чистење, отстранување на отпад, особено во делот на кабаст отпад (со датуми и локации на кои може да се предаде овој тип на отпад)
- Поголемиот број општини објавуваат информации за реконструкција на системи за водоснабдување, изградба на колекторски системи и пречистителни станици, реалиирање на проекти од областа на енергетската ефикасност и други активности и проекти кои имаат влијание врз подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и животната средина.
- Општина Струмица има објавено повик за финанансирање на активности на здруженијата на граѓани по приоритетни области, меѓу кои и Заштита на животната средина. Општина Прилеп и Општина Новаци имаат донесено одлука за финансирани и нефинансирани проекти на здруженија на граѓани од Прилеп.
- Некои од општините имаат објавено повик за субвенционирање на граѓани, на пр. Неготино, Битола, Карпош, Берово, Кочани, Бутел, Град Скопје и др. (надоместување на дел од трошоците за купување велосипеди, тротинети, клима уреди и сл.) како дел од реализирање на активности од нивните програми за животна средина
- Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР) во месец мај има објави за Известување за почеток на процесот за Предлог закон за изменување и дополнување на законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, Известување за почеток на процесот за подготовка на закон за инспекциски надзор во животната средина, Предлог на законот за инспекциски надзор во животна средина, Нацрт Извештај за проценка на влијанието на регулативата
- Неколку општини имаат објавено Детални урбанистички планови (ДУП) Урбанистички планови за село (УПС), Урбанистички Проекти вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела и сл, како што се на пр. Могила, Охрид, Прилеп, Радовиш, Свети Николе, Струга, Неготино, Струмица, Велес, Делчево, Долнени, Желино, Тетово. Некои од нив имаат објавено период на консултации (датуми за јавни анкети и јавни презентации на планските документи), но нити една нема објавено извештај од консултации со јавност. Нити една нема објавено информации за постапка за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина - СОЖС (одлука, формулар, Извештај за СОЖС).

  Забелешка. Согласно новиот закон за урбанистичко планирање за Урбнистичките Проекти не е задолжително спроведување на постапка за СОЖС (освен ако не станува збор за некоја дејност која постои веројатност дека може да има влијание врз животната средина)
- Општина Неготино има објавено соопштение за организирање на јавна презентација и јавна анкета за ДУП за Урбана единица 3, дел од блок 12 - помеѓу улиците „Вељко Влаховиќ“, „Борис Кидрич“, „Марксова“, „Вардарска“, „Тиквешка“ и „Ѓоко Мишев“, општина Неготино (ДУП за УЗ 3 дел од УБ 3.2). Наведено е дека јавната анкета ќе трае 10 работни денови од 21.04.2021 до 06.05.2021 година и дека во тој рок можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови. Исто така наведено е дека јавната презентација на планот ќе се одржи на ден 04.05.2021 година во 13:00 часот во просториите на општина Неготино.

  Забелешка. Нема објава на извештај или друг документ од јавната презентација. Нема објавено одлука за спроведување или неспроведување на постапка за СОЖС.

- О. Свети Николе (05/05/2021), О. Струга (18/05/2021), О. Крушево (07.05.2021) објавиле проектна/планска програма за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистичи план.

  Забелешка. Нема објава за изработка на Урбанистички проект. Овие документи кога ќе бидат изработени подлежат на консултации со јавноста

- О. Охрид (10.05.2021) и О. Дебар (05.05.2021) имаат објавено одлука за неспроведување на стратегиска оцена за одреден плански документ.

  Забелешка. Нема објавено информација дали оваа одлука е прифатена од МЖСПП или не, нити пак дали има одредени коментари за прифаќање или неприфаќање од засегнатата јавност согласно законската регулатива.

- О. Илинден (25.05.2021) има објавено Одлука и формулари за неспроведување на стратегиска оцена за УПС Илинден-разработка на блок 21, измена и дополнување, општина Илинден. Во одлуката е наведено дека станува збор на дополнување на постоечкиот УПС Илинден, со класи на намена А1-домување во станбени куќи и А2-домување во станбени згради. Одлуката за неспроведување на СОЖС е прифатена од МЖСПП. Решението за прифаќање е објавено на веб страната на општина Илинден.

  Забелешка. Постапката е спроведена согласно законската регулатива.

- Општините Ранковце (11/5/2021) и Старо Нагоричане (12/5/2021) имаат објавено политика за интегритет. Согласно заложбите за владеење на правото, обезбедување на одржлив економски и општествен развој, поттикнување на јавната доверба во локалните власти, целосно и непречено остварување на правата и слободите на граѓаните, како и поттикнување на нивносто учество во носењето одлуки на локално ниво, усвоиле Политика за интегритет, во која една од компонентите е отчетност, транспарентност и партиципативност.

  Забелешка. Одличен пример кој може да се примени и во другите општини

- Согласно Законот за младинско учество и младински политики општините имаат обврска да формираат советодавно тело на општината. Некои од општините веќе го формирале (Центар), а некои општини пак се во фаза на јавен повик за пријавување на членови на ова тело (Свети Николе, Битола, Тетово, Карпош и др) Советот на млади има со цел зголемување на учеството на младите во процесите на одлучување на локално ниво, како коректори на локалните младински политики во Општината.

  Забелешка. Учеството на младите во креирање на младински политики е од голема важност за една заедница. Особено може да биде важно во делот на креирање на зелени работни места во една општина.

- Неколку општини (Вевчани, Гевгелија, Делчево, Македонска Каменица) се учесници во Форуми во заедницата „Низ женски леќи: покревање политики и буџетски иницијативи". Овие форуми имаат за цел идентификување на специфичните потреби и приоритети на граѓаните од сите области на живеење, а со цел обезбедување услови за приоретизирање на програмите и проектите како и истовремено подобрување на структурата на програмите во општината.

  Забелешка. Добар пример за практична примена на учество на јавност во креирање на локални политки. Иако приоритети генерално се изградба на улици, водоводи,

канализации, реконструкција на училишта и други објекти и сл, сепак станува збор за учество во креирање на локални политики.

- За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичко планирање, општините задолжително формираат партиципативно тело на иницијатива на Градоначалникот, согласно Законот за урбанистичко планирање.

  Забелешка. Повик за формирање на такво тело е воочен само во општина Долнени.

- Министерство за животна средина и просторно планирање за сите активности кои ги превзема, ја информира јавноста на дневна основа. Во месец мај има објавено Известување за намера за изведување на проект: Измена на методот за откопување во наоѓалиштето Свиња Река – примена на метод на откопување со заполнување на откопаните простори и суво одлагање на јаловината во Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица. Според Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина Проектот е опфатен во: Генерално определени проекти – Прилог II. Точка 2: Експлоатација на минерални суровини, Алинеа 6) подземни (јамски) рудници. Во известувањето се наведени информации за проектот. По однос на ова известување јавноста и МЖСПП има рок од 30 дена за коментари. Известувањето е од месец мај, но нема датум кога е објавено и до кога може да се достават коментари. По однос на ова известување МЖСПП треба да издаде решение за спроведување на постапка за ОВЖС.

  Забелешка. Известувањето за намера не е ставено на видно место, каде што стојат другите објави. Голем дел од субјектите физички или правни лица кои може да бидат афектирани од реализирањето на овој проект, воопшто може да не го видат и дадат свои коментари и забелешки во најрана фаза на планирање на проектот. Исто така не е наведен и датум кога е објавено известувањето и во кој рок може да се коментира.

- Министерство за животна средина и просторно планирање во месец мај има објавено Студија за Оценка на влијание врз Животната Средина и Социјалните Аспекти за траса Државен пат Струмица-Валандово-спој со А1, Делница 2, 3 и 4 - Нова траса. Проектот „Струмица – Валандово спој со А1, делница 2,3 и 4 – нова траса“ спаѓа во видовите активности што може да имаат значително влијание врз животната средина и социјалните аспекти и бара целосно проценување на истите, како во согласност со националните така и со меѓународните стандарди за заштита на животната средина и социјални аспекти. Оваа студија подлежи на јавна расправа за која датум и време дефинира МЖСПП. Јавноста има можност да се учествува и да даде свои коментари.

  Забелешка. Студијата за ОВЖС не е објавена на видно место за општата јавност. Пракса на МЖСПП е пред организирање на јавна расправа да ја објави на почетна страна и да даде известување за јавна расправа, начин и рок на доставување на коментари од страна на заинтересираната јавност. Препорака е од доставување до крајниот рок за достава на коментари да биде објавена на почетна страна.

- Единицата за имплементација на проектот (ЕИП) во рамките на Министерството за транспорт и врски согласно политиките и барањата во делот на животна средина и социјални аспекти на Светска Банка, односно Рамката за животна средина и социјални аспекти – Стандард за животна средина и социјални апскети 10, воведе Механизам за жалби и поплаки со кој ќе се обезбеди одговор на сите жалби и поплаки, особено на засегнатите и заинтересирани страни и заедницата севкупно. Некои општини (Делчево, Гевгелија, Кавадарци) во рамки на проектот за „Поврзување на локални

патишта“ имаат објавено на своите веб страни Механизам за жалби и поплаки, што овозможува нформирање на јавноста, локалното население и останатите засегнати страни дека можат да земат активно учество преку Механизам за жалби и поплаки, а со тоа и самите да се вклучат во реализацијата на проектот, преку примање на жалби и поплаки и нивно процесирање и решавање. Документите задолжително треба да останат објавени на официјалната веб страна сè до завршувањето и затворањето на проектот.

Забелешка. Добар пример преку кој жителите на одредена општина може да го изразат своето мислење и истото да биде земено предид (доколку е во врска со проектот кој се реализира на територијата на нивната општина)

- Собранието на РСМ во месец мај има одржано 3 седници на комисијата за транспорт, врски и екологија (14, 15, 16). Објавена е информација за дневен ред, како и кои закони се усвоени, а кои закони се вратени на доработка
- Градоначалникот на Општина Неготино одржа состанок со претставниците на Здружението на граѓани „ЕКОВИТА“ кој се однесува на најавената инвестиција за изградба на фабрика за производство на енергија, со согорување на комунален отпад во нивната општина, при што му укажуваат дека Законот за стратешки инвестиции не ја почитува Архуската Конвенција, односно не ги информира и вклучува граѓаните во донесувањето на одлуки од локалната заедница
- 05/05/2021/Општина Демир Капија/Објава на Барање за Б Интегрирана еколошка дозвола за оператор, ЖАК ТРАНС експорт импорт, с. Долни Дисан, сепарација на камен од речно корито на река Вардар. Објавено е местото на увид, датумот до кој може да се даваат коментари и забелешки.
- 11/05/2021/Општина Кавадарци/ги информира граѓаните за почеток на изработка на нов ЛЕАП, усвојување на работни групи кои ќе дејствуваат и ќе ги координираат работите.
- 12/05/2021/Општина Велес/Информација за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола на концесионерот КЕПС МОНТ ГРУП ДОО Скопје за Експлоатација на техногена минерална суровина на локалитет „БАШ КОЛИБИ“, Општина Велес. Важноста на дозволата истекува на 02.10.2023 година.

  Забелешка. Во анализираниот период (месец мај) не е пронајдена објава во која е дадена можност за коментари од јавноста.
- 12/05/2021/Општина Штип/има објавено Б Интегрирана дозвола за Друштво за производство, трговија и услуги В.И.Т. ДООЕЛ Штип, Погон за боење и перење на текстил е издадена на 11.05.2021. Дозволата со придружната документација е достапна за коментари во рок од 30 дена
- 14/05/2021/Претседател на РСМ/Соопштение до јавност со образложение за одлуката за не потпишување на Указот за прогласување на Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти. Текстот на Законот е во спротивност со некои од темелните вредности на Уставот, како и со уставни одредби кои произлегуваат или се во врска со темелните вредности на Уставот. Исто така, текстот на Законот нема општествена оправданост односно не е во насока на заштита и промоција на јавниот интерес, што е основна задача на секоја институција на јавната власт.

- 17/05/2021/Општина Центар/ http://www.centar.gov.mk/?page_id=6742 има воспоставено систем за следење на постапката во чекори за донесување на деталните урбанистички планови. За некои од овие планови пронајдени се одлука и формулари за неспроведување на СОЖС, но не е пронајдено решение за прифаќање на одлуката од страна на МЖСПП. За некои планови пак нема нити одлука за спроведување или неспроведување на СОЖС

  Забелешка. Системот за следење на постапката за донесување на плански документи низ чекори е одличен, но недостасува чекор во кој ќе биде образложено дали одреден ДУП, ГУП, УПС, УП, подлежи или не на постапка за СОЖС.

- 17/05/2021/Општина Босилово/има издадено Нацрт Б-Интегрирана еколошка дозвола за инсталација во сопственост на АД за неметали „ОГРАЖДЕН" СТРУМИЦА, површински коп и сепарација Хамзали. Објавено е известување за издавањето на нацрт Б интегрираната еколошка дозвола и рок во кој заинтересираните субјекти може да коментираат и да дадат свои предлози.

  Забелешка. Да се следи веб страната за објава на извештај од консултации со јавноста.

- 18/05/2021/Општина Босилово/има објавено објава на барање за Б-еколошка дозвола од ВК-КОМПАНИ ДООЕЛ с.Брвеница -свињарска фарма и барање за Б-интегрирана еколошка дозвола. Наведено е дека барањето ќе биде достапно на веб страната или во просториите на општината во рок од 15 дена. Јавноста има прваo во рок од 30 дена да достави коментари.

  Забелешка. Да се следи веб страната за објава на извештај од консултации со јавноста.

- 18/05/2021 и 28/05/2021/Општина Македонски Брод/објавува Извештаи за исправност, односно неисправност на вода за пиење на одредени мерни места во населени места на територијата на општината.

  Забелешка. Добар пример кој треба да го практикуваат и другите општини за информирање на своите граѓани за квалитетот на водата за пиење, со цел избегнување на нарушување на квалитетот на живот и здравјето на луѓето.

- 18/05/2021/Општина Богданци/Соопштение за почеток на имплементација на проект Реконструкција на колекторскиот систем за отпадни води во село Стојаково. Проектот е со финансиска поддршка од МЖСПП, а дел со кофинансирање од Општината. Со имплементација на овој проект ќе се реши еден сериозен и долгогодишен проблем на жителите на село Стојаково со одведувањето на фекалните отпадни води заради нефункционирање на постоечкиот колекторски ситем.

  Забелешка. Овој проект може да подлежи на постапка за ОВЖС (елаборат или студија). Треба да се следи веб страната, односно почетокот на проектните активности.

- 20/05/2021/Општина Брвеница/објавила барање за Б-еколошка дозвола од ВК-КОМПАНИ ДООЕЛ с.Брвеница свињарска фарма, кое што е достапно за коментари од страна на јавноста 15 дена.

  Забелешка. Треба да се следи дали ќе има објавени коментари од јавноста или објава за јавна расправа (во рок од 30 дена од денот на објавата)

- 20/05/2021/Општина Гази Баба /има објавено три Ревидирани Нацрт Извештаи за стратегиска оцена за влијание за животна средина за Урбанистички Проект вон опфат

на Урбанистички План Е3.1 – постројки за термички, физички – хемиски и хемиски третман за неопасен отпад на дел од КП 11589/1, ДЕЛ ОД КП 11589/1, КП 11683 и КП 11684, КП 11730/1, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба, Скопје. Рок продолжување за доставување на забелешки е триесет дена почувајќи од 20.05.2021 до 21.06.2021 година. Начинот на доставување на забелешките е даден и е објавена ревидираната СОЖС со вклучени забелешки од јавноста.

Забелешка. На веб страната не се објавени нацрт верзиите на урбанистичките проекти вон опфат Урбанистички План Е3.1 – постројки за термички, физички – хемиски и хемиски третман за неопасен отпад. Согласно законската регулатива потребно е да се објават заедно пред одржување на јавна расправа и нацрт планските документи и нацрт извештаите за СОЖС.

- 20/05/2021/ ОВП Портал /Известување дека за време на седмицата за отворена власт (OpenGovWeek), на 21 Мај, Собранието на РСМ ќе го вклучи граѓанското општество преку јавна консултација за ко-креираниот нацрт Акционен план на Собранието 2021-2023 година. Хибридниот настан е отворен за сите граѓански организации, обезбедувајќи можност да се информира и вклучи граѓанското општество во понатамошниот развој на Акцискиот план на Собранието за 2021-2023 година како и да се потврдат заложбите на Собранието
- 20/05/2021/Општина Валандово/Информација за формирање нова индустриска зона, наменета за стопански субјекти кои ќе се занимаваат исклучиво со произвотство, преработка, откуп и складирање на земјоделски производи.

  Забелешка. За индустриската зона е потребно изготвување на урбанистичка планска документација, каја подлежи на постапка за СОЖС. Потребно е да се следи веб страната за објава на урбанистички проекти или планови.

- 26/05/2021/Министерот за транспорт и врски имаше дискусија со невладините организациии „О2", „Фронт 21/42" и Комората на овластени ахритекти за подобрување на Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти со цел заеднички да се креира законско решение за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти. Министерството за транспорт и врски и во следниот период ќе продолжи со јавните консултации во насока на подобрување на Законот.

  Забелшка. Не е наведено до кога траат консултациите со јавноста и до кога јавноста може да достави комантари по писмен пат.

- 26/05/2021/Министерството за финансии/организираше инфо-сесија со цел општините да можат да се информираат за начинот на аплицирање на јавниот повик за користење средства за инвестиции во општински енергетски ефикасни објекти, со вкупен фонд од 10,5 милиони евра. Проектот покрај енергетски заштеди ќе придонесе и за креирање локални „зелени" работни места.
- 27/05/2021/ Министерство за внатрешни работи/објави информација дека ОВР Дебар поднесе кривична пријава против правно лице од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на животната средина и природата со отпадни материи" за „несовесно работење во службата". На 19.03.2021, одговорните лица дозволиле истек на употребено моторно масло, сопственост на правното лице, во градската канализациска мрежа, а оттука преку поток кај месноста „Трап венец" во водите на Дебарското езеро. На тој начин ја загрозиле животната

средина и околината и постапиле спротивно на одредбите од Законот за управување со отпад, Законот за животна средина и од Правилникот за постапките и начинот за собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла.

- 27/05/2021/Општина Градско/Соопштение за јавен увид за УП за село со намена А1.1-Станбени куќи (слободностоечки) во УПС Градско, КО Водоврати, Општина Градско. Дадени се информации за местото на јавен увид, кој трае 15 дена до 10.06.2021. Во тој период заинтересираната јавност може да даде коментари. УП не подлежат на постапка за СОЖС.

  Забелешка. Иако стои дека увидот ќе биде на веб страната не е објавен во електронска верзија УП.

- 31/05/2021/Министерство за економија/информира дека кај три компании се утврдени неправилности во делот на исполнување на стандардите за увоз на мазут и веќе се вратени неколку цистерни со мазут од страна на Царинска управа за неисполнување на стандардот согласно Правилникот за квалитет на горивата

- 31/05/2021/Општина Могила/донела решение за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РСМ по пат на електронско јавно наддавање за изградба на објекти со намена Е- Инфраструктура (Е2 – Комунална супраструктура – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори). Земјиштето е дадено на електронска аукција. Јавното наддавање ќе започне на 02.07.2021 год и ќе трае 15 минути.

  Забелешка. Согласно законската регулатива за Урбанистички план вон населено место Могила за стопански комплекс локалитетет ПЕТИЛЕП треба да биде објавена одлука за спроведување или неспроведување на постапка за СОЖС, која не е евидентирана на веб страната.

- 31/05/2021/ Општина Гази Баба/објавила одлука за неспроведување на СОЖС за ДУП за градска четврт С 21 Блок 02. Има објавено и формулар во кој се наведени причините за донесување на таква одлука, односно овој ДУП произлегува од ГУП на Град Скопје од 2012 - 2022 година, и во рамките на на границите на наменските зони планирани се следните доминантни класи на намена: А - домување, Б - комерцијални и деловни намени, Д – зеленило, спорт и рекреација и меморијални простори; Е- инфраструктура.

  Забелешка. Согласно законот заинтересираната јавност и МЖСПП има право на коментари по однос на оваа одлука (во рок од 15 дена). На 15-16.06 треба да биде објавено решение од МЖСПП за прифаќање или неприфаќање на одлуката на О. Гази Баба.

- 31/05/2021/Општина Кочани/На иницијатива на Јавното претпријатие Национални шуми, почна постапката за конституирање на Советот на засегнати страни на Заштитениот предел „Осоговски Планини“ кој ќе има претставници од единиците на локалната самоуправа, урбаните и месните заедници чија територија како целина или како дел се преклопува со територијата на заштитеното подрачје, од локални здруженија на граѓани од областа на заштитата на животната средина и природата, државни и локални јавни претпријатија и установи кои вршат дејности и активности на територијата на заштитеното подрачје.

За сите прашања, совети или помош во врска со правата и обврскте што произлегуваат од Архуската конвенција ви стоиме на располагање.

Контакт

Архус центар

Кукушка 4а, 1000 Скопје

www.arhus.mk

aarhus@mkm.mk